Врз основа на член 57 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 ноември 2019 година, издаде

**ЛИЦЕНЦА**
**за приредување на игри на среќа во казино**

1. На Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија МУ СЕ ИЗДАВА лиценца за приредување на игри на среќа во казино, во деловната просторија во хотел „МЕРИОТ“ кој се наоѓа на ул.„Плоштад Македонија“ бр.7, Скопје, за период од шест години.

2. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија во казиното ќе постави 260 автомати за игри на среќа на кои може да учествува еден учесник, 2 автомати за игри на среќа на кои истовремено можат да учествуваат повеќе учесници (електронски рулети), 6 маси за американски рулет, 4 маси за блек џек и 1 маса за ултимејт тексас покер.

3. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија Е ДОЛЖНО да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

4. Доколку Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија не започне со приредување на игрите во рокот од точката 3, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

5. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија Е ДОЛЖНО да го плати надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино во износ од 600.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата и тоа 50% од надоместокот во износ од 300.000 евра во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата, односно:

   - износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од една година од денот на приемот на лиценцата;

   - износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од две години од денот на приемот на лиценцата;

   - износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од три години од денот на приемот на лиценцата;

   - износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од четири години од денот на приемот на лиценцата;

- износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од пет години од денот на приемот на лиценцата и

- износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од шест години од денот на приемот на лиценцата.

6. Доколку Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија не плати 50% од надоместокот, односно не го плати износот од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.

7. Доколку Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија не ги плаќа годишните рати во износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во роковите од точката 5, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

8. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија Е ДОЛЖНО да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати и надоместок за рулет маси во износ од 3.000 евра по рулет маса, односно за други маси во износ од 1.725 евра по маса во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, на месечна основа.

9. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија Е ДОЛЖНО да плаќа месечна посебна давачка за финансирање на здравствената заштита во висина од 3% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите автомати и исплатениот износ од сите автомати на сметка на Министерство за здравство.

10. Оваа лиценца ќе се објави на интернет страницата на Министерството за финансии.

**Образложение**

Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија до Министерството за финансии поднесе барање бр. 13-9082/1 од 08.10.2019 година и дополнувања на истото бр. 13-9082/3 од 24.10.2019 година, бр. 13-9082/4 од 24.10.2019 година и бр. 13-9082/5 од 29.10.2019 година за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино.

Кон барањето подносителот ги достави следните документи:

- тековна состојба на друштвото бр.0805-50/151520190004259 од 01.10.2019 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-10/5821-1 од 01.10.2019 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-10/5821-2 од 01.10.2019 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120190049947 од 01.10.2019 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120190049948 пд 01.10.2019 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот Регистар на Република Северна Македонија;

- информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-22/504 од 02.10.2019 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

- програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам бр.0601/5482 од 07.10.2019 година донесена од Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија;

- потврда бр.05-073753/19-0002 од 15.10.2019 година издадена од Царинската Управа на Република Северна Македонија;

- уверение за платени даноци и придонеси бр.28-3952/2 од 10.10.2019 година издадено од Управата за јавни приходи, Дирекција за големи данични обврзници;

- записник бр.28-13/07190-0411 од 04.10.2019 година изготвен од Управата за јавни приходи, Дирекција за големи даночни обврзници;

- решение бр.28-13/07190-0411 од 07.10.2019 година донесено од Управата за јавни приходи, Дирекција за големи даночни обврзници;

- извештај за состојба на сметка (солвентност) бр.20/501-2674 од 15.10.2019 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, податоци за учесникот во платен промет (тековна состојба) од 16.10.2019 година од НЛБ банка АД Скопје, извештај за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност) од 16.10.2019 година издаден од Охридска банка АД Скопје, извештај за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност) од 16.10.2019 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје и извештај за

состојбата на сметката на имателот на сметката (солвентност) од 16.10.2019 година издаден од Силк Роуд банка АД Скопје;

- потврда бр.20/501-2674/1 од 15.10.2019 година издадена од Стопанска банка АД Скопје;

- извод од девизна сметка бр.8 од 07.10.2019 година издаден од Стопанска банка АД Скопје;

- Изјава за основање на Друштвото за угостителство, туризам и услуги МАКОТЕН ДООЕЛ Скопје од 28.08.2003 година;

- Одлука за зголемување на основната главнина и измена на изјавата за основање на друштвото од 26.05.2004 година;

- Изјава за основање на Друштвото за угостителство, туризам и услуги МАКОТЕН ДООЕЛ Скопје (пречистен текст ) од 12.07.2004 година;

- Одлука за измени и дополнување на Изјавата на основање на друштвото од 22.12.2004 година;

- Одлука за зголемување на основната главнина на друштвото од 22.12.2004 година;

- Изјава за основање на Друштвото за угостителство, туризам и услуги МАКОТЕН ДООЕЛ Скопје (пречистен текст ) од 22.12.2004 година;

- Изјава за основање на Друштвото за угостителство, туризам и услуги МАКОТЕН ДООЕЛ Скопје од 04.07.2005 година;

- Одлука за измени и дополнување на Изјавата на основање на Друштвото од 23.03.2006 година;

- Изјава за основање на Друштво за угостителство, туризам и услуги МАКОТЕН ДООЕЛ Гевгелија (пречистен текст) од 23.03.2006 година;

- Одлука за измени и дополнувања на Изјавата на основање на друштвото од 06.06.2006 година;

- Изјава за основање на Друштвото за угостителство, туризам и услуги МАКОТЕН ДООЕЛ Скопје од 06.06.2006 година;

- Одлука за измени и дополнувања на Изјавата на основање на Друштвото од 06.10.2006 година;

- Одлука за ограничување на овластувањата на управителот на МАКОТЕН ДООЕЛ Гевгелија од 14.07.2006 година;

- Изјава за основање на друштвото за угостителство, туризам и услуги МАКОТЕН ДООЕЛ Скопје (пречистен текст ) од 09.10.2006 година;

- Договор за основање на друштво со ограничена одговорност МАКОТЕН ДОО Гевгелија од 22.11.2010 година;

- Договор за основање на друштво со ограничена одговорност МАКОТЕН ДОО Гевгелија (пречистен текст ) од 11.01.2011 година;

- Договор за купопродажба и пренос на удел од 10.10.2013 година;

- Изјава за основање на друштво со ограничена одговорност од 31.10.2013 година;

- Изјава за основање на друштво со ограничена одговорност од 12.12.2013 година;

- Изјава за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 18.02.2014 година;

- Одлука за зголемување на основната главнина од 21.11.2014 година;

- Одлука за измена на Изјавата за основање за подготовка на пречистен текст на Изјавата за основање од 21.11.2014 година;

- Одлука за трансформација на заем што се трансформира во влог на друштвото во постапка за зголемување на основната главнина на друштвото од 21.11.2014 година;

- Изјава за основање на друштво со ограничена одговорност од 29.12.2014 година;

- Одлука со намера за намалување на основната главнина на друштвото за угостителство, туризам и услуги МАКОТЕН ДООЕЛ Гевелија од 28.05.2015 година;

- Изјава за основање на друштво со ограничена одговорност од 02.06.2015 година;

- Одлука за измена на Изјава за основање на Друштвото и изготвување на пречистен текст на Изјавата за основање од 24.11.2015 година;

- Изјава за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 24.11.2015 година;

- Изјава за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 16.03.2016 година;

- Одлука за намалување на основна главнина на Друштвото МАКОТЕН ДООЕЛ Гевгелија од 06.06.2016 година;

- Одлука за измена на Изјавата на друштвото од 06.06.2016;

- Изјава за основање на друштвото со ограничена одговорност од едно лице од 06.06.2016 година;

- Изјава за основање на друштво со ограничена одговорност од 10.08.2016 година;

- Одлука за зголемување на основна главнина од 29.12.2016 година;

- Изјава за основање на Друштво со ограничена одговорност на едно лице од 29.12.2016 година;

- Одлука за инвестирање од НОВОМАТИК АГ од 22.05.2017 година;

- Одлука за зголемување на основна главнина од 30.06.2017 година;

- Изјава за основање на Друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 18.07.2017 година;

- Одлука за измена на Изјава на основање на Друштвото и изготвување на пречистен текст на Изјавата за основање на друштвото од 18.07.2017 година;

- Изјава за основање на Друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 10.08.2017 година;

- Одлука за зголемување на основната главнина од 10.08.2017 година;

- Одлука за измена на Изјавата за основање од 01.11.2018 година;

- Изјава за основање на Друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 01.11.2018 година;

- Одлука за измена на Изјавата за основање од 24.07.2019 година;

- Изјава за основање на Друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 24.07.2019 година;

- Одобрение на бордот на директори на НОВОМАТИК АГ од 25.09.2018 година;

- Одлука со намера за намалување на основната главнина на Друштвото за угостителство, туризам и услуги МАКОТЕН ДООЕЛ Гевгелија од 17.10.2019 година;

- решение бр.35020190023651 од 24.10.2019 година донесено од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

- извештај за наплата од странство-образец 743 од 08.08.2003 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 29.10.2003 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 11.06.2004 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 24.06.2006 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 02.07.2004 година и извештај за наплата од странство-образец 743 од 08.07.2004 година издадени од Комерцијална банка АД Скопје, извештај за наплата од странство-образец 743 од 15.02.2008 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 05.12.2013 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 27.02.2014 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 06.05.2014 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 13.11.2014 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 29.10.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 01.12.2015 година и извештај за наплата од странство-образец 743 од 21.12.2015 година издадени од НЛБ банка АД Скопје, извештај за наплата од странство-образец 743 од 22.01.2016 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 19.02.2016 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 16.03.2016 година и извештај за наплата од странство-образец 743 од 15.04.2016 година издадени од Шпаркасе банка АД Скопје, извештај за наплата од странство-образец 743 од 20.05.2016 година и извештај за наплата од странство-образец 743 од 03.08.2016 година издадени од НЛБ банка АД Скопје, извештај за наплата од странство-образец 743 од 01.09.2016 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 05.10.2016 година, извештај за наплата од

странство-образец 743 од 20.06.2017 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 20.06.2017 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 25.04.2019 година и извештај за наплата од странство-образец 743 од 05.07.2019 година издадени од Стопанска банка АД Скопје;

- правилник бр.0102/5498 од 07.10.2019 година, правила за игра на автомати за игра на среќа бр.0102/5497 од 07.10.2019 година и правила на игри на маси за жива игра во казиното "Фламинго" Скопје бр.0102/5496 од 07.10.2019 година донесени од Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија и

- 262 уверенија за техничка исправност на автоматите за игри на среќа и 11 уверенија за техничка исправност на масите за игри на среќа издадени од Друштвото за услуги, испитување и анализа „ТИКСОН ГРУП" ДООЕЛ Скопје.

Постапувајќи по поднесеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија и на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино има уплатено основна главнина во вкупен износ од 39.856.528,00 евра (38.659.742,00 паричен влог и 1.196.786,00 евра непаричен влог) видно од тековната состојба бр.0805-50/151520190004259 од 01.10.2019 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија на ден 17.10.2019 година донесе Одлука со намера за намалување на основната главнина за износот на непаричниот влог во износ од 1.196.786,00 евра. По извршеното намалување, основната главнина на друштвото изнесува 38.659.742 евра паричен влог, видно од решението бр.35020190023651 од 24.10.2019 година издадено од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

На подносителот на барањето не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на дозвола за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност и не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност, видно од потврдите од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-10/5821-1, бр.0808-10/5821-2, бр.0808-50/150120190049947 и бр.0808-50/150120190049948 од 01.10.2019 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија достави информација за економско-финансиската состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0905-22/504 од 02.10.2019 година, со која врз основа на годишната сметка за 2018 година, споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

Од доставените потврда бр.05-073753/19-0002 од 15.10.2019 година издадена од Царинската Управа на Република Северна Македонија и уверението за платени даноци и придонеси бр.28-3952/2 од 10.10.2019 година издадено од Управата за

јавни приходи, Дирекција за големи данични обврзници се констатира дека трговското друштво ги има подмирено јавните давачки по основ на даноци, придонеси за задолжително социјално осигурување и царини.

Од доставените решение бр.28-13/07190-0411 од 07.10.2019 година и записник бр.28-13/07190-0411 од 04.10.2019 година од Управата за јавни приходи, Дирекција за големи даночни обврзници се утврди дека деловната просторија во хотел „МЕРИОТ" кој се наоѓа на ул.„Плоштад Македонија" бр.7, Скопје ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во казино.

Трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето за издавање на лиценца за приредување игри на среќа во казино, видно од извештајот за состојба на сметка (солвентност) бр.20/501-2674 од 15.10.2019 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, податоците за учесникот во платен промет (тековна состојба) од 16.10.2019 година од НЛБ банка АД Скопје, извештајот за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност) од 16.10.2019 година издаден од Охридска банка АД Скопје, извештајот за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност) од 16.10.2019 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје и извештајот за состојбата на сметката на имателот на сметката (солвентност) од 16.10.2019 година издаден од Силк Роуд банка АД Скопје.

Од доставената потврда бр.20/501-2674/1 од 15.10.2019 година издадена од Стопанска банка АД Скопје се утврди дека друштвото редовно исплатува плати на вработените во последните 6 месеци.

Од доставениот извод од девизна сметка од 07.10.2019 година бр.8 издаден од Стопанска банка АД Скопје се утврди дека друштвото има доволно парични средства за плаќање на надоместокот за лиценцата и истите потекнуваат од тековното работење.

Потеклото на средствата на основната главнина се утврди од следната документација:

Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ (купувач) на ден 10.10.2013 година го купува целиот удел од претходните двајца содружници во вкупен износ од 4.065.075,00 евра, видно од Договорот за купопродажба и пренос на удел склучен помеѓу Фламинго Партиципејшн Б.В. и ГЛ&А Холдинг ГМБХ (продавачи). Уделот содружникот го купува со пари од тековното работење на друштвото, кое видно од ревизорскиот извештај работи со добивка во 2012 година. Од доставената изјава за основање на друштвото со ограничена одговорност (пречистен текст) од 24.07.2019 година се утврди дека основната главнина на друштвото се состои од паричен и непаричен влог во вкупен износ од 39.856.528 евра и истата е внесена од единствениот содружник на друштвото-Новоматик Гаминг Индустриес ГмбХ. На ден 17.10.2019 година Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија донесе Одлука со намера за намалување на основната главнина за износот на непаричниот влог (за 1.196.786,00 евра). По намалувањето, основната главнина на друштвото ќе изнесува 38.659.742 евра паричен влог.

Од извештајот за наплата од странство-образец 743 од 08.08.2003 година, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 29.10.2003 година, извештајот за

наплата од странство-образец 743 од 11.06.2004 година, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 24.06.2006 година, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 02.07.2004 година и извештај за наплата од странство-образец 743 од 08.07.2004 година издадени од Комерцијална банка АД Скопје, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 15.02.2008 година, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 05.12.2013 година, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 27.02.2014 година, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 06.05.2014 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 13.11.2014 година, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 29.10.2015 година, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 01.12.2015 година и извештајот за наплата од странство-образец 743 од 21.12.2015 година издадени од НЛБ банка АД Скопје, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 22.01.2016 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 19.02.2016 година, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 16.03.2016 година и извештајот за наплата од странство-образец 743 од 15.04.2016 година издадени од Шпаркасе банка АД Скопје, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 20.05.2016 година и извештајот за наплата од странство-образец 743 од 03.08.2016 година издадени од НЛБ банка АД Скопје, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 01.09.2016 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 05.10.2016 година, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 20.06.2017 година, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 20.06.2017 година, извештајот за наплата од странство-образец 743 од 25.04.2019 година и извештајот за наплата од странство-образец 743 од 05.07.2019 година издадени од Стопанска банка АД Скопје се утврди износот на уплатениот паричен влог внесен во основната главнина на друштвото.

Средствата внесени во основната главнина на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија се од редовното работење на друштвото, кое видно од ревизорските извештаи работи со добивка во последните три години.

Доставеното барање за добивање на лиценца се однесува на приредување на игри на среќа во казино, што произлегува од доставените правилник бр.0102/5498 од 07.10.2019 година, правила за игра на автомати за игра на среќа бр.0102/5497 од 07.10.2019 година и правила на игри на маси за жива игра во казиното "Фламинго" Скопје бр.0102/5496 од 07.10.2019 година донесени донесени од Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија кои се во согласност со член 63 став (1) и (2) и член 64 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри. Од доставените 273 уверение издадени од Друштвото за услуги, испитување и анализа „ТИКСОН ГРУП" ДООЕЛ Скопје се утврди дека поставените автомати и маси за игри на среќа во казиното се технички исправни за употреба.

Согласно член 89 од Законот, барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите автомати, така што системот обезбедува точни податоци за уплатата и исплатата на секој од автоматите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Од доставеното известување бр.22-2194/1 од 18.03.2015 година од Управата за јавни приходи, Генерална дирекција Скопје се утврди дека Друштвото за угостителство,

туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија има обезбедено надзорен информациски систем и е во фаза на тестирање на системот од страна на Управата за јавни приходи.

Врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба, се оцени дека се исполнети условите за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија.

Според член 2 точка 21) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), игри на среќа во казино се игри на среќа во кои учесниците во игрите на среќа играат против казиното или еден против друг во согласност со меѓународните правила на масите за игра со топчиња, коцки и карти. Согласно член 25 став (1) точка 1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Министерството за финансии постапува по поднесени барања за издавање на лиценци и дозволи за приредување на игри на среќа и за забавни игри.

Според член 58 став (1), лиценцата за приредување на игри на среќа во казино се издава за период од шест години, поради што се одлучи како во точката 1 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 10 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, трговското друштво на кое му е издадена лиценца во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на играта на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Во спротивно, а во согласност со член 13 став (1) точка 1) од истиот закон, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 3 и 4 од диспозитивот на оваа лиценца.

Врз основа на член 58 став (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино се плаќа надоместок во износ од 600.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата. Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата.

Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, во спротивно ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена. Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа не го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 5, 6 и 7 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 66 став (1) и член 94 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за приредување на игрите на среќа во казино приредувачот на игри на среќа плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и

исплатениот износ од сите автомати и надоместок за рулет маси во износ од 3.000 евра по рулет маса, односно за други маси во износ од 1.725 евра по маса во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, на месечна основа, поради што се одлучи како во точката 8 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 66 став (8) од законот, приредувачот на игри на среќа во казино, на месечна основа, за финансирање на здравствената заштита плаќа посебна давачка во висина од 3% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите автомати и исплатениот износ од сите автомати на приредувачот на игрите на среќа во казино, на сметка на Министерството за здравство, поради што се одлучи како во точката 9 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 12 од Законот, издадените лиценци за приредување на игри на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии, поради што се одлучи како во точката 10 од диспозитивот на оваа лиценца.

Со оглед на тоа што Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија достави комплетна документација, Министерството за финансии предлага Владата на Република Северна Македонија да ја издаде лиценцата за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

**Бр. 45 - 8956/1**
**12 ноември 2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**